# УПРАВУВАЊЕ СО ИПА II

Комисијата е одговорна за спроведувањето на Регулативата за ИПА. Според оваа Регулатива активностите се управуваат, следат, проценуваат и се пишуваат извештаи во согласност со финансиската регулатива на ЕЗ **(ЕЗ, Евроатом) бр. 2018/1046**.

Согласно финансиската регулатива управувањето со помошта (ИПА) може да биде спроведено преку:

- директно управување,

- поделено управување

- индиректно управување,

Финансирањето на Заедницата може да се остварува преку **финансиски спогодби** помеѓу Комисијата и земјата - корисничка, договори за набавки или договори за грант со национални или со меѓународни тела од јавниот сектор или со физички и правни лица одговорни за спроведувањето на активноста или, пак, преку договори за вработување. За прекуграничните програми со земјите-членки задачите за спроведување можат да им се делегираат на земјите-членки и во тој случај тие се спроведуваат преку заедничко/поделено управување.

Секоја година Комисијата доставува извештај до Европскиот парламент и до Советот на Европа за спроведување на помошта во кој се содржани информации за активностите финансирани во текот на годината и за наодите од следењето при што дава проценка за постигнатите резултати при користење на средствата.

# КОМИТЕТИ

Согласно ИПА регулативата се основа ИПА Комитет составен од претставници на земјите - членки и со него претседава претставник на Комисијата и НИПАК од земјата корисник.

Комитетот за следење на ИПА ја разгледува целокупната ефективност, ефикасност, квалитет, доследност, координација и усогласеност на спроведувањето на сите акции во насока на исполнување на целите. За оваа цел, онаму каде што е соодветно, тој се потпира на информациите обезбедени од страна на секторските комитети за следење. Комитетот може да дава препораки за корективни активности кога е потребно.

Комитетот за следење на ИПА се состои од претставници на Комисијата, НИПАК и други релевантни национални органи и тела на корисникот на ИПА II и каде што е соодветно, меѓународни организации, вклучувајќи ги и меѓународните финансиски институции и други засегнати страни, како што е граѓанското општество и организации од приватниот сектор.

Комитетот за следење на ИПА се состанува најмалку еднаш годишно.

**При индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, се формираат секторски комитети за следење од страна на корисникот на ИПА II според област на политика или според програма.**

# ВИДОВИ ПОМОШ

Финансиската помош од Унијата може да биде обезбедена преку видови на финансирање предвидени во Регулативата (ЕУ, Euratom) бр 966/2012, особено:

(а) грантови;

(б) договори за набавка на услуги, стоки или градежни работи;

(в) општа или секторска буџетска поддршка;

(г) придонеси кон фондовите основани од Комисијата, согласно член 187 од Регулативата (EU, Euratom) бр 966/2012;

(д) финансиски инструменти како заеми, гаранции, акционерски капитал или квази-капитал, инвестиции или партиципации и инструменти за споделување на ризик, секогаш кога е можно под водство на ЕИБ согласно нејзиниот надворешен мандат во склоп на Одлуката бр 1080/2011/EU, или некоја мултилатерална европска институција, како што е Европската банка за обнова и развој, или билатерална европска финансиска институција, на пр. билатерални банки за развој, по можност здружени со дополнителни грантови од други извори.

# МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА

Помошта може, исто така, да се користи за покривање на трошоците за активности поврзани со подготовки, последователни активности, контроли, ревизии и проценки кои се неопходни за раководење со програмата и за постигнување на нејзините цели, особено за студии, средби, информации и публицитет, како и за други трошоци за административна и за техничка помош од кои Комисијата може да има корист при раководењето со програмата.

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОМОШТА

Комисијата и земјите - кориснички склучуваат **рамковни спогодби** за спроведување на помошта.

Владата на Република Македонија на 27 март 2015 година ја склучи Рамковната спогодба со Европската комисија која на 10 јуни 2015 година е ратификувана од страна на Собранието на РНМ. Со Рамковната спогодба се утврдуваат правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕЗ во рамките на спроведувањето на помошта според ИПА.

Дополнителни спогодби во врска со спроведувањето на помошта, се склучуваат меѓу Комисијата и земјата-корисничка (секторска спогодба).

Помошта според ИПА регулативата може да се користи од земјата корисничка откако ќе се склучи и влезе во сила рамковната спогодба и доколку е склучена финансиска спогодба.

**Рамковната спогодба за ИПА II,** која Република Македонија ја склучи со Европската комисија ги утврдува:

а) Правилата за индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II
- системи за управување и контрола

- посебни одредби кои се однесуваат на доверување на корисникот на ипа ii задачи за извршување на буџетот

b) Правилата за програмирање
c) Правилата за спроведување
- општи правила и начела за спроведување
- транспарентност и видливост
- заштита на податоци и доверливост
- доделување на капацитети и оданочување

d) Правилата за финансиско управување на помошта од ИПА II
- општи одредби
- правила за индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II
- затворање на програма
- надзор, контрола и ревизија и заштита на финансиски интереси

e) Следење, оценување и известување
- следење
- оценување
- известување

f) Одредби за повеќегодишните акциски програми со поделени обврски
g) Одредби за програми за прекугранична соработка
- општи одредби
- правила за програмирање
- операции
- имплементација
- програмски структури и органи и нивни одговорности
- известување

h) Завршни одредби

За **Политичката област 4 - земјоделие и рурален развој,** Република Северна Македонија склучи **Секторска спогодба** за реализација на Програмата за развој на земјоделството и рурален развој (ИПАРД програмата) врз основа на индиректноуправување без ex-ante (претходна) контрола.

# ПРЕНЕСУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ИПА II

Комисијата ги доверува задачите за извршување на буџетот на корисникот на ИПА II со склучување спогодба за финансирање согласно одредбите на членовите 60(1) и (2), 61 и точка (b) од член 184(2) од Регулативата (ЕУ, Euratom) бр 966/2012.

Пред да се донесе одлука за **<u>пренесувањето на овластувањата за управување (индиректно управување)</u> кои се однесуваат за програма или мерка на земјата–корисничка, Комисијата осигурува дека дадената земја ги исполнува бараните услови во поглед на воспоставените системи за управување и за контрола.**

Системите за управување, контрола, надзор и ревизија воспоставени кај корисникот на IPA II треба да обезбедат ефективен систем на внатрешна контрола кој што ги вклучува најмалку следниве области (COSO компоненти):

A. Контролно опкружување;
B. Управување со ризици;
C. Контролни активности;
D. Информации и комуникација;
E. Активности за следење.

Со склучувањето на првата финансиска спогодба на 23.12.2015 година се пренесе управувањето за Акциската програма за 2014 од ИПА II.

# ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Која било спогодба што произлегува од ИПА Регулативата содржи одредби со кои се гарантираат финансиските интереси на Заедницата, особено во однос на измамите, корупцијата и кои било други неправилности. Истрагите за измами ги прави Европското биро за борба против измама (ОЛАФ).Теренските проверки и инспекциите се спроведуваат од Комисијата заради заштита на финансиските интереси на Заедниците од измама и од други неправилности.

Исто така, во Спогодбите се предвидува Комисијата и Судот на ревизорите да имаат овластување да вршат ревизија, врз основа на документите и на самото место, на сите договорачи  и поддоговарачи кои имаат добиено средства од Заедницата. Тие, исто така, предвидуваат Комисијата да добие итен пристап за вршење теренски проверки, како и инспекции.

Корисникот на ИПА II ги пријавува сомнежите за измама и други нерегуларности кои биле предмет на примарен административен или судски наод, без одлагање, на Комисијата и ја информира Комисијата за напредокот на  административните и правните постапки. Известувањето се врши преку електронски средства со користење на модул обезбеден за таа цел од Комисијата (Arachne).

# ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО И ПОТЕКЛО, КВАЛИФИКУВАНОСТ ЗА ДОБИВАЊЕ ГРАНТОВИ

Сите физички лица кои се државјани на земјите-членки или сите правни лица кои се формирани во земјите-членки, земјата-корисничка на оваа Регулатива, земјата корисничка на инструментот „Европско соседство и партнерство“ или земјата - членка на Европскиот економски простор имаат право на учество во набавките или во договорите за добивање грантови финансирани според оваа Регулатива.

Во согласност со финансиската Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 2018/1046,физички лица можат да добиваат грантови.

Во однос на набавката, транспонираната Директива 2014/24/ЕУ во националното законодавство на корисникот на ИПА II, се смета за еквивалентна на правилата применети од страна на Комисијата во согласност со Финансиската регулатива. Комисијата може да прифати таков национален закон да се применува за спроведување на помошта од ИПА II во зависност од условите во релевантната одредба во Спогодбата за финансирање.

# КОХЕРЕНТНОСТ, КОМПАТИБИЛНОСТ И КООРДИНАЦИЈА

Програмите и проектите финансирани во согласност со оваа Регулатива се конзистентни со политиките на ЕУ. Тие се во согласност со спогодбите склучени меѓу Заедницата и нејзините земји-членки со земјите-кориснички и ги почитуваат обврските од мултилатералните спогодби што тие ги потпишале.

Комисијата и земјите-членки гарантираат кохерентност и координација меѓу помошта на Заедницата обезбедена според оваа Регулатива и финансиската помош обезбедена од Заедницата и од земјите-членки преку други внатрешни и надворешни финансиски инструменти и помошта обезбедена од Европската инвестициска банка.

# ПРЕКИНУВАЊЕ НА ПОМОШТА

Почитувањето на:

- принципите на демократијата,
- владеењето на правото и човековите и малцинските права,
- како и основните слободи,

е основен елемент за примената на оваа Регулатива и за давањето помош во согласност со истата.

Доколку земјата-корисничка **нема да ги почитува** овие принципи или обврските содржани во односните партнерства со ЕУ, или напредокот во исполнувањето на критериумите за пристапување е незадоволителен, Советот по предлог на Комисијата, може да преземе соодветни чекори во однос на која било помош дадена во согласност со оваа Регулатива. Европскиот парламент е целосно и итно информиран за која било одлука што е донесена во тој контекст.

# ПРОЦЕНКА

Комисијата редовно ги проценува резултатите и ефикасноста на политиките и на програмите и ефективноста на програмирањето, за да утврди дали се исполнети целите и за да овозможи давање на препораки во поглед на подобрувањето на идните операции. Од овие резултати ќе зависи дизајнот на програмата и распределбата на ресурсите /средствата.

---

Согласно Регулативата (ЕЗ) бр.447/2014 година од 02 мај 2014 за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр.231/2014 на Советот за воспоставување на ИПА